COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Strasbourg, 15 July 2014

ACFC/SR/IV(2014)010
/Macedonian language version/

# FOURTH REPORT SUBMITTED BY "THE FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF MACEDONIA" PURSUANT TO ARTICLE 25, PARAGRAPH 2 OF THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES

Received on 15 July 2014

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

# ЧЕТВРТ ИЗВЕШТАЈ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО РАМКОВНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

# ВОВЕД

Република Македонија ја ратификуваше Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (Конвенција) на Советот на Европа (СЕ) на 27 февруари 1997 година. Како обврска во рамките на првиот круг на мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата, Република Македонија го достави Иницијалниот извештај во септември 2003 година, по што следеше дијалогот со Советодавниот комитет, изготвувањето на нивно мислење, доставување на коментари на Владата за мислењето на Советодавниот комитет и усвојување на резолуција на Комитет на министри на Советот на Европа.

Вториот извештај на Република Македонија за имплементација на Конвенција е доставен во јуни 2006 година. Потоа следеше посета на Советодавниот комитет, усвојување на мислењето заедно со коментарите на Владата и усвојување на Резолуцијата од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа во јули 2008 година..

Третиот извештај на Република Македонија за имплементација на Конвенцијата е доставен во март 2010 година. По доставувањето на извештајот а во согласност со членот 34 на Конвенцијата и правилото 23 од Резолуцијата 97(10) делегација на Советодавниот комитет беше во посета на Република Македонија. Во текот на посетата Советодавниот комитет реализираше повеќе средби со ресорните министерства и невладини организации со цел да ги евалуира наодите дадени во третиот извештај на Владата. По доставување на мислењето на Советодавниот комитет уследија коментарите на Владата доставени до Советодавниот комитет на 4 јануари 2012 година. Во јули месец 2012 г. усвоена е резолуција по третиот круг на набљудување од страна на Комитетот на министри.

Четвртиот извештај на Република Македонија е изработен во согласност со препораките и насоките дадени во упатството за четвртиот круг на известување и претставува пресек на направениот прогрес во имплементацијата на Конвенцијата по трите круга на набљудување и постигнатите резултати во имплементацијата на препораките дадени во резолуцијата на Комитетот на министри по третиот круг.

## ПРВ ДЕЛ

**Практични активности направени на национално ниво за подигање на свеста за резултатите од третиот циклус**

**а) Преземени чекори за објавување на резултатите од третиот циклус на набљудувањето (мислење, коментари на Владата, резолуција): објавување, дисеминација и превод на официјалните јазици и соодветно на јазиците на малцинствата;**

Резолуцијата за имплементацијата по третиот круг на набљудување е преведена на македонски, албански, турски, српски, влашки, босански и ромски јазик. Документите од третиот круг на мониторинг (мислењето, коментарите и резолуцијата) беа соодветно презентирани во текот на одржувањето на бројните follow up активности во 2012 и 2013 година.

**б) Follow up активности превземени на национално, регионално и локално ниво, вклучувајки ги и активностите организирани заедно со Советот на Европа , какви што се дискусии, семинари евалуации, проценка на влијанието, студии и др. и резултатите од овие активности.**

Владата на Република Македонија високо ја цени улогата на Советодавниот комитет во подобрувањето на положбата на припадниците на малцинствата во државите членки кои пристапиле кон Конвенцијата. Имплементацијата на одредбите на Конвенцијата е еден од клучните инструменти за зачувување на мирот и развојот на демократската стабилност во Европа па оттука ја истакнуваме потребата од нивна имплементација на паневропско ниво.

Во периодот меѓу третиот и четвртиот круг на известување беа организирани бројни семинари и конференции на национално и регионално ниво. Во организација на Советот на Европа и со подршка на Европската Унија, Агенцијата за остварување на правата на заедниците во месец Мај 2013 реализираше Регионална конференција на тема „Меѓународните стандарди за заштита на малцинските права и нивната имплементација на национално ниво: достигнувања и предизвици". Конференцијата се реализираше како дел од регионалниот проект меѓу Европската унија и Советот на Европа "Промовирање на човековите права и заштитата на малцинствата во Југоисточна Европа". На настанот се дискутираше за исполнувањето на препораките на мониторинг телата на оние меѓународните инструменти кои се однесуваат на заштитата на правата на малцинствата, каков вид на стратегии, политика и акциони планови треба да бидат усвоени или спроведени со цел да се подобри имплементација на препораките на меѓународните мониторинг тела поврзани со заштитата на правата на националните малцинства, следењето на политиките кои се покажаа како успешни во однос на заштитата на правата на заедниците и тн.

Во 2013 година Агенцијата за остварување на правата на заедниците организираше регионална работилница на тема **„**Учество на граѓанските организации во процесите на донесувањето на одлуки“ финансиски подржана од Мисијата на Организацијата за безбедност и соработка на Евбропа (ОБСЕ) во Скопје. На работилницата покрај домашните институции и граѓански организации учествуваа и претставниците на релевантните институции и граѓански организации од Република Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

Во рамките на програмата IPA TAIEX 2009 за техничка помош на Министерството за информатичко општество и администрација, во ноември месец 2013 година отпочнаа да се одржуваат серија на обуки за припадниците на немнозинските заедници во рамките на државната и јавната администрација во Република Македонија. Обуката ќе се спроведува заклучно до септември 2014 година. Досега се спроведени 11 циклуси на обуки, а заклучно до ноември оваа година предвидено е да се реализираат уште 5 циклуси на обука. Обуките се одвиваат во 5 клучни тренинг модули, наменети за различни целни групи. Предвидено е да се обучат вкупно 1250 државни и јавни службеници, од кои 450 припадници на немнозинските заедници во Република Македонија. Дополнително во рамките на постоечката програма за обуки кои ги спроведува Министерството за информатичко општество и администрација, развиена е нова програма „Вовед во јавната администрација" подготвена врз основа на знаењето и практиките на експертите од тимот за техничка помош на министерството. По извршените консултации меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор,отпочната е обуката на вкупно 500 државни службеници вработени во Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор.

**в) Учество на организациите на малцинствата и другите невладини организации во спроведувањето и мониторингот на Рамковната конвенција од стана на властите, и нивно вклучување во изготвувањето на четвртиот извештај**

Агенцијата за остварување на правата на заедниците од 2012 година отпочна со организација на т.н. Партиципативни форуми на заедниците. Истите претставуваат консултативно и советодавно тело со кое на припадниците на заедниците им се овозможува активно учество во процесите на креирањето на заедничките политики како и зајакнување на соработката меѓу граѓанскиот сектор и органите на државната управа. Целта на партиципативниот форум е да се зајакне соработката меѓу органите на државна управа и заедниците, заеднички да се разгледуваат прашањата од интерес на заедниците, да се изготвуваат препораки, да се овозможи давање на мислења во врска со предложените владини политики кои можат посредно или непосредно да влијаат на остварувањето на правата на заедниците. Партиципативниот форум го сочинуваат претставниците на релевантните институции на централно ниво кои се надлежни да постапуваат во областа на унапредувањето, остварувањето и заштитата на правата на заедниците, како и претставниците на граѓанските здруженија кои во своите стратешки цели и определби ја имаат заштитата, унапредувањето и остварување на правата на заедниците. Партиципативниот форум брои 35 члена. Воедно реализирани се четири тематски партиципативни форуми со сите засегнати страни (граѓански организации, релевантни институции, меѓународни организации) на следите теми:

- „Измени и толкувања на законските акти кои се однесуваат на заедниците и идентификација на механизми за комуникација на заедниците со органите на државна управа"
- „Пристап на припадниците на заедниците до средствата за јавно информирање и Анализа на состојбата со граѓанските организации кои во статутот имаат определена надлежност за вршење на работи поврзани со остварување на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците"
- „Соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија",
- „Имплементација на правото на ефективна партиципација на заедниците во културниот живот ".

**г) Било какви други мерки превземени за да се промовира свеста за Рамковната конвенција меѓу националните малцинства, јавните службеници и општата јавност**

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во периодот мај-декември 2013 година организираше промоции на прирачникот „Спроведување на правата на заедниците – практики, механизми и заштита“. Во рамките на промоцијата на прирачникот се реализираше и заедничката кампања на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование и наука, насловена како „Искористи го своето право - образувај се на својот мајчин јазик“. Кампањата се реализираше со цел децата и родителите припадници на заедниците застапени со помалку од 20% од вкупното население во Република Македонија да се запознаат со нивните права од областа на образованието и да се промовира редовната настава на турски и српски јазик како и изучување на изборните предмети Јазик и култура на Бошњаците, Ромите и Власите. Во рамките на кампањата беа реализирани посети на вкупно 15 општини во Република Македонија.

Во насока на остварување на планираните превентивни активности во доменот на почитувањето на човековите права и слободи, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи во 2011 година оствари работни посети и одржа состаноци со раководниот кадар во Единицата за борба против криминалот во СВР Скопје, Единицата за специјални задачи и Единицата за брзо распоредување при Одделот за посебни единици, а во 2012 година и во Полициските станици од општа надлежност и Надворешните канцеларии за криминалистички работи во Секторите за внатрешни работи. На работните состаноци на полициските службеници им беше укажано за неопходноста од доследното почитување на човековите права и слободи при преземањето на полициските овластувања, почитување на Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, како и подзаконските акти и интерните прописи на Министерството за внатрешни работи. Истовремено раководните лица беа задолжени да одржат работни состаноци со основниот полициски состав. Особено внимание се посветува на соработката со невладините организации и Народниот правобранител заради спроведување на заеднички обуки од областа на почитувањето на човековите права и слободи, а пред се на онаа категорија на полициски службеници кои најчесто доаѓаат во контакт со граѓаните при примена на полициските овластувања. Во 2012 и 2013 година спроведени се две такви обуки во соработка со невладини организации: „Сите за правично судење“ - Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија и „Месечина“ (невладина организација од ромската заедница).

## ВТОР ДЕЛ

### Конкретни препораки за итно постапување

> **Итно да се дефинираат и да се спроведат соодветни и точно насочени политики за решавање на проблемите со кои се соочуваат Ромите на полето на вработувањето; да се доделат соодветни ресурси за решавање на состојбата на Ромите во однос на домувањето, образование и пристап до здравствена заштита и специфичните потреби на жените Роми**

Политиките и активностите за инклузија на Ромите во Република Македонија се предвидени во рамките на Националната стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите, односно во соодветните Национални акциони и оперативни планови за имплементација во областа на образованието,

домувањето, здравството и вработувањето. Во процес на реализација се голем број на владини проекти во чија што имплементација се вклучени и невладините организации, како што е: Проектот за вклучување на ромските деца во предучилишното образование; Проектот за отворање на ромски информативни центри чија цел е информирање, помош и поддршка на припадниците на ромската етничка заедница во остварувањето на нивните практични потреби и нивна побрза интеграција, во согласност со приоритетните области од Декадата и Стратегијата за Ромите.

Во однос на состојбата на Ромите на пазарот на трудот и нивното вработување, Република Македонија превзема бројни активности насочени кон вклучувањето на регистрираните невработени Роми во тековните програми за квалификација и преквалификација, активните мерки за вработување и самовработување и програмите за микро финансирање.

Во изминатиот период беа реализирани и повеќе активности во насока на подобрувањето на инфраструктурата во населбите во кои живее претежно ромско население. Со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија, локалната самоуправа и странските донации, се реализираат проекти за изградба и подобрување на водоснабдителните и канализационите системи, за изработка на урбанистички планови и реконструкција на улици.. Министерството за транспорт и врски подготви Закон за легализација на дивоградби и воспоставување на дигитална база на податоци на генералните и деталните урбанистички планови.

На планот на здравствената заштита се реализираат програми и активности за вклучувањето на ромското население во системот на здравствена заштита и подобрувањето на пристапот кон здравствените услуги. Се спроведуваат активности за редовна вакцинација на децата Роми, едукации за превенција од пренесувањето на ХИВ/СИДА во ромската заедница, контрола и едукација за туберкулозата, спроведување на бесплатни гинеколошки прегледи на жени Ромки и друго.

Детални информации за превземените мерки на Владата за решавањето на проблемите со кои се соочуваат Ромите се дадени во Членот 4, Членот 4 став 2, Членот 12 и Членот 14 од третиот дел на извештајот.

**Делотворно да се применуваат законите донесени за спроведување на Охридскиот рамковен договор; да се создадат можности за меѓу-етнички дијалог во сите сфери на животот, особено со цел децата и младите кои живеат во етнички мешаните средини да се вклучат во заеднички активности, да се преземат други мерки за промовирања на толеранцијата, заемното разбирање, почитување и меѓу-културен дијалог, како и натамошни мерки за борба против предрасудите во однос на припадниците на националните малцинства**

Одржувањето на добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување, подеднаков третман на сите пред законот и спроведување на Охридскиот рамковен договор е долгорочен приоритет на Владата. Во континуитет се промовира мирен и хармоничен развој на општеството преку постојан дијалог и доследно почитување на принципот на соодветна и правична застапеност во функционирањето на органите на државната власт и другите јавни институции во Република Македонија. Се гарантира целосна заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите заедници во Република Македонија. Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор кој што започна со својата работа од јануари 2008 г. во своето делување се фокусира на унапредувањето на соодветната и правична застапеност; развој и унапредување на

капацитетот за анализа и координација на политиките; редовно информирање на јавноста за процесот на спроведување на Охридскиот Рамковниот Договор; координација, промовирање и следење на развојот на интегрираниот образовен систем; координација, промовирање и мониторинг на процесот на децентрализација; координација, промовирање и мониторинг на напредокот во спроведувањето на Законот за употреба на јазиците; координација, промовирање и мониторинг на напредокот на мерките за недискриминација; развивање и зајакнување на соработката со здруженијата на граѓани и фондации.

Голем прогрес е констатиран во извештајот за имплементацијата на ОРД кој е усвоен во 2012 година особено на планот на соодветна и правична застапеност на сите етнички заедници коишто живеат во Република Македонија, на планот на употребата на малцинските јазици како и на планот на имплементацијата на рамковниот договор на локално ниво. Извештајот е достапен и на англиски јазик на сајтот: www.siofa.gov.mk.

Министерството за образование и наука имајќи ја предвид токму поларизацијата на општеството меѓу двете поголеми заедници македонската и албанската и рефлектирањето на таа состојба во образовниот систем, со поддршка на Високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ изготви Стратегија за интегрирано образование “Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем на Република Македонија”, како сеопфатна владина стратегија кон интегриран образовен систем. Подетално елаборирано во Член 6 од третиот дел на извештајот.

**Да се преземат мерки делотворно да се надомести недоволната застапеност на припадниците на бројно помалите национални малцинства во органите на државната администрација и во другите јавни институции на сите нивоа.**

Владата на Република Македонија превзема во континуитет мерки за соодветна примена на принципот на соодветна и правична застапеност на сите етнички заедници и во таа насока за поголема засапеност на помалите етнички заедници во органите на државната администрација и во другите јавни институции на сите нивоа. Согласно, Законот за организација и работа на органите на државната управа, објавени во “Службен весник на Република Македонија“ број 167/2010, Министерството за информатичко општество и администрација согласно член 26-а став (1) алинеја (11), ги врши работите што се однесуваат на водењето на Регистарот за државни службеници. Регистарот претставува единствена база на податоци за државните службеници, која се води во електронска форма. Согласно законската обврска, а поаѓајки од определувањето за отвореност кон јавноста, Министерството подготви Годишен извештај за податоците од Регистарот, чија содржина е пропишана во Правилникот за содржината на годишниот извештај за податоците од регистарот на државни службеници (Сл. Весник на РМ бр. 58/2011). Истиот е од јавен карактер и содржи податоци за вкупниот број на државни службеници и структурата на државните службеници според одредени параметри (звање, пол, возраст, степен на образование и национална припадност). Покрај еднодимензионалното прикажување на податоците, истите се претставени и во дво и тродимензионален облик добиен со нивно меѓусебно вкрстување. Исто така, поодделно се прикажани податоците за државните службеници во извршната власт, самостојните државни органи и стручните служби во самостојните државни органи и државните службеници во локалната власт Податоците кои се презентирани во Извештајот ја отсликуваат состојбата во државната служба на заклучно со 31.12.2012).

Дополнително, на ниво на Република Македонија, од свој делокруг на надлежност Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи (Службен весник на на Република Македонија бр. 92/09, 35/10 и 36/11), во членот 48 „Принципи на правична застапеност и еднаквост меѓу половите“, децидно е

пропишано дека при вработување во Министерството за внатрешни работи треба соодветно и правично да бидат застапени граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност. Истата одредба е содржана и во членот 96 од Законот за полиција (Службен весник на Република Македонија бр. 114/06, 6/09 и 145/12), при што принципот на правична застапеност на припадниците на заедниците важи и при вработувањето во полицијата. Двата закони претставуваат lex specialis, а се во функција на одредување на формално-правниот и практичниот аспект на интеграција на етничките заедници во Министерството за внатрешни работи

**Да се обезбедат еднакви можности за сите граѓани кои се идентификуваат како припадници на било која етничка група.**

Во 2012 година Владата на Република Македонија ја усвои Националната стратегија за еднаквост и недискриминација чија основна цел е да се подобри статусот на најранливите категории на граѓани во општеството и да се обезбеди континуиран развој во остварувањето на еднаквоста и недискриминацијата. Националната стратегија се фокусира на четири основи на дискриминација и тоа: ментална и телесна попреченост, етничка припадност, возраст и пол.

**За новоформираната Комисија за заштитата од дискриминација да се обезбедат соодветни финансиски и човечки ресурси и состав и структури неопходни со цел на Комисијата да ѝ се овозможи да ги извршува своите надлежности делотворно и независно; и натаму да се обезбедува поддршка за Народниот правобранител**

Комисијата за заштита од дискриминација е формирана во декември 2010 година врз основа на Законот за спречување и заштита од дискриминација и е составена од 7 члена. Комисијата има надлежност да постапува по претставки; да дава мислење и препораки за конкретните случаи на дискриминација; на подносителот на претставката му дава информации за неговите права и можности за покренување на судска или друга постапка за заштита; покренува иницијатива за поведување на постапка пред надлежните органи поради сторени повреди на овој закон; поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија; ја информира јавноста со случаите на дискриминација и превзема активности за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата; го следи спроведувањето на Законот; иницира измена на прописи заради спроведување и унапреување на заштитата од дискриминација; дава препораки на државните органи за преземање на мерки за остварување на еднаквоста, дава мислења по предлог закони од значење за заштита од дискриминација. Исто така , Законот за заштита од дискриминација утврдува дека Комисијата дава мислење за наводната дискриминација во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на претставката и за тоа го известува поднесувачот и лицето против кое е поднесена претставката. Со писменото мислење, а по утврдената дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредите на правото. Лицето на кое препораката е упатена, е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката, како и за тоа да ја извести Комисијата. Согласно член 29 од Законот ако лицето на кое препораката е упатена не постапи по препораката, односно не ја отстрани повредата на правото, Комисијата може да покрене иницијатива за поведување на постапка пред надлежен орган за утврдување на неговата одговорност.

Во текот на 2013 година, до Комисијата за заштита од дискриминација се поднесени вкупно 84 претставки. По разгледувањето на истите Комисијата има покренато постапка по вкупно 44 претставки. Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по спроведената истрага и утврдувањето на

фактичката состојба во 25 случаеви констатирано е дека не постои дискриминација, а во 4 случаи утврдено е дека постои дискриминација. Во овој контекст, Комисијата утврди дискриминација по три различни основи, етничка припадност, припадност на маргинализирана група и по основ на здравствена состојба. Во два случаи, врз основа, на член 31 од Деловникот за работа на Комисијата, беше прекината постапката, бидејќи Комисијата успеа да издејствува спогодбени решенија за проблемите на подносителите. Во вакви случаи, Комисијата го запира понатамошното постапување со Заклучок, во кој ги објаснува превземените дејства, како и резултатите од истите со кои се отстранува повредата на правото. Понатаму, врз основа на член 26 од Законот, во вкупно 14 случаи Комисијата не постапи по претставките заради веќе поведена судска постапка, непостоење на основ за дискриминација или заради тоа што Комисијата немала надлежност да постапува по истите..

Со измените на законот за Народен правобранител од 2009 г. се зајакна мандатот со воспоставување на посебни одделенија за: заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби, за заштита на граѓаните од дискриминација и заштита од тортура и друг вид на свирепо, нечовечно или понижувачко постапување или казнување како и за соодветна и правична застапеност.

Самостојноста и независноста на Народниот правобранител се гарантираат со неговиот буџет кој е дел од државниот буџет, но за него Собранието на Република Македонија гласа посебно.

**Да се настојува да се зголеми поддршката за активностите во областа на културата на организациите на националните малцинства и да се обезбеди дека финансиските тешкотии нема непропорционално негативно да влијаат врз припадниците на националните малцинства; да се вклучат претставниците на националните малцинства во донесувањето на одлуките за распределба на средствата кои се доделуваат за проекти од областа на културата;**

Остварувањето на проектни културни активности и заштитата на културното наследство на различните заедници согласно со Законот за култура, се имплементира преку системот на финансирњето на програми и проекти од национален интерс од средства на Буџетот на државата преку Министерството за култура. Министерството, секоја година објавува годишни конкурси за финансирање на програми и проекти од национален интерес на кој може да се јават јавни (национални и локални установи) и приватни правни субјекти (приватни установи, самостојни уметници, НВО и др. ) кои остваруваат дејност од областа на културата. Потоа, по критериуми утврдени во Правилникот за критериумите за финансирање на програмите односно проектите по одделни дејности во културата, одделни комисии формирани по области во културата, преку стручна и компетентна оценка, без ограничување по основ на етничка припадност, статус, возраст, образование, верски, политички др. и субјективни карактеристики на поднесувачите на културните проекти, му предлагаат на министерот за култура кои од проектите доставени на јавниот конкурс да се финансираат од Годишната програма на Министерствто за култура за тековната година. Донесената Годишна програма се објавува во средствата за информирање, на македонски и на албански јазик, со што се овозможува јавност и транспарентност во распределбата на буџетските средства за културата. Соодветно и локалните власти финансираат проекти и програми во културата што се од локално значење независно од било каква етничка припадност или по друг основ ограничувања.

**Да се разгледа можноста за воспоставување на независен механизам за надзор на работењето на полицијата во склад со европските стандарди и да**

**се обезбеди спроведување на навремени, непристрасни и делотворни истраги за наводите за лошо постапување од страна на полицијата;**

Контролата на вршењето на работите на Министерството за внатрешни работи се остварува како внатрешна и надворешна контрола.

Согласно член 39 од Законот за внатрешни работи, надворешна контрола над работата во Министерството за внатрешни ја врши Собранието на Република Македонија и Народниот правобранител. Согласно новиот Закон за кривична постапка, јавниот обвинител има зголемени ингеренции во однос на контролата врз работата на полицијата.

Министерството за внатрешни работи во континуитет настојува да ги зајакне капацитетите за работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со цел спречување на било какви појави на незаконско и непрофесионално постапување, вклучително и постапувањето на полициските службеници со кои се крши корпусот на човекови слободи и права. Во таа насока извршени се промени во методологијата на работа, селекција и избор на професионални кадри за работа и обуки на вработените. Со новата систематизација на работни места во Секторот, зголемен е бројот на извршители, а истовремено со новата организациска поставеност во Одделението за професионални стандарди, интегритет и превенција, акцент е ставен на превентивното работење и зајакнување на интегритетот во работењето. Дополнително континуирано се преземаат мерки за следење на состојбата со почитување на човековите слободи и права, заради утврдување на неправилности и давање насоки за нивно отстранување и повикување на одговорност на полициските службеници, кои ги злоупотребиле овластувањата и ги прекршиле основните права и слободи на лицата во полициската постапка. Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди остварува средби со сродни служби за внатрешна контрола од регионот, со цел размена на искуства и примена на позитивните пракси на другите служби во работењето на Секторот. Детални информации се наведени во Член 4 став 1.

**Да се воспостават услови неопходни за употреба на јазиците на националните малцинства во комуникацијата со административните органи, особено преку обезбедување на финансиски средства потребни за вработување подобро квалификувани преведувачи и толкувачи; да се обезбеди дополнителна поддршка за државните службеници за нивно стекнување со поголеми познавања на малцинските јазици**

Вложени се одредени напори за создавање на неопходни услови за употребата на јазиците на немнозинските етнички заедници во комуникација со административните органи. Во прилог табела за бројот на вработени судски толкувачи во судовите во Република Македонија како и табели за судиите по етничка припадност.

**Вработени судски толкувачи во судовите на Република Македонија**

| Reden broj | Edinki korisnici na Sudska vlast | Број на судски преведувачи | Звања |
|---|---|---|---|
| 1 | Vrhoven sud na RM | 1 | судски соработник |
| 4 | Apelacionen sud Skopje | 2 | виш судски соработник |
| 6 | Apelacionen sud Bitola | 1 | помлад судски соработник |
| 7 | Apelacionen sud Gostivar | 1 | помлад судски соработник |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Osnoven sud 1-Skopje | 4 | 1 соработник<br>2 помлади соработници<br>1 референт |
| 9 | Osnoven sud 2-Skopje | 6 | 4 помлади соработници<br>1 помлад судски соработник<br>1 судски соработник |
| 12 | Osnoven sud Ohrid | 1 | помлад судски референт |
| 13 | Osnoven sud Struga | 2 | 1 судски соработник<br>1 помлад соработник |
| 14 | Osnoven sud Gostivar | 3 | судски соработник |
| 15 | Osnoven sud Tetovo | 7 | 4 соработници<br>3 помлади соработници |
| 16 | Osnoven sud Kumanovo | 3 | 1 соработник<br>2 помлади соработници |
| 22 | Osnoven sud Ki~evo | 2 | судски помошници |
| 24 | Osnoven sud Resen | 1 | помлад соработник |
| 30 | Osnoven sud Kru{evo | 1 | Судски помошник(Помлад соработник) |
| 33 | Osnoven sud Debar | 1 | соработник |
| 35 | Sudski sovet na RM | 1 | помлад соработник |
| 37 | **ВКУПНО** | **37** | |

**НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА НА СУДИИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА**

| СУДОВИ | Број на судии | Македонци | Албанци | Власи | Срби | Бошњаци | Македонци муслимани | Муслимани | Бугари | Турци | Црногорци | Хрвати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Врховен суд на РМ** | **21** | **15** | **5** | | | 1 | | | | | | |
| **Управен суд** | **24** | **17** | **6** | | | | | | | 1 | | |
| **Апелационен суд Скопје** | **46** | 33 | 9 | 2 | | | 1 | | | | 1 | |
| Основен суд Велес | **21** | 20 | 1 | | | | | | | | | |
| Основен суд Гевгелија | **15** | 15 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кавадарци | **16** | 16 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кратово | **5** | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кр.Паланка | **8** | 7 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Куманово | **37** | 30 | 5 | | 2 | | | | | | | |
| Основен суд Неготино | **5** | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Скопје 1 | **69** | 59 | 6 | 2 | | 2 | | | | | | |
| Основен суд Скопје 2 | **81** | 71 | 6 | 2 | 1 | | | | | | | 1 |
| **ВКУПНО** | **303** | **261** | **27** | **7** | **3** | **2** | **1** | | | | **1** | **1** |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Апелационен суд Битола** | **23** | 22 | 1 | | | | | | | | | |
| Основен суд Битола | **27** | 26 | | | | | | | | 1 | | |
| Основен суд Крушево | **4** | 3 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Охрид | **19** | 17 | 2 | | | | | | | | | |
| Основен суд Прилеп | **23** | 23 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Ресен | **5** | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Струга | **15** | 8 | 5 | | | | 2 | | | | | |
| **ВКУПНО** | **116** | **104** | **8** | **1** | | | **2** | | | **1** | | |
| **Апелационен суд Штип** | **16** | 14 | | 1 | | | | | 1 | | | |
| Основен суд Берово | **6** | 6 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Виница | **3** | 3 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Делчево | **5** | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кочани | **14** | 13 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Радовиш | **11** | 11 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Св.Николе | **5** | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Струмица | **24** | 24 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Штип | **23** | 19 | | 4 | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **107** | **100** | | **6** | | | | | **1** | | | |
| **Апелационен суд Гостивар** | **12** | 5 | 7 | | | | | | | | | |
| Основен суд Гостивар | **22** | 12 | 9 | | | | | | | 1 | | |
| Основен суд Тетово | **29** | 17 | 11 | | | | | 1 | | | | |
| Основен суд Кичево | **14** | 10 | 4 | | | | | | | | | |
| Основен суд Дебар | **6** | 3 | 3 | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **83** | **47** | **34** | | | | | **1** | | **1** | | |
| **СЕ ВКУПНО** | **654** | **544** | **80** | **14** | **3** | **3** | **3** | **1** | **1** | **3** | **1** | **1** |
| % | | 83,20% | 12,20% | 2,20% | 0,45% | 0,45% | 0,45% | 0,15% | 0,15% | 0,45% | 0,15% | 0,15% |

**НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА НА СУДИИТЕ ЗА 2011 ГОДИНА**

| СУДОВИ | Број на судии | Македонци | Албанци | Власи | Срби | Бошњаци | Македонци муслимани | Муслимани | Бугари | Турци | Црногорци | Хрвати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Врховен суд на РМ** | **23** | **17** | **6** | | | | | | | | | |
| **Управен суд** | **30** | **21** | **7** | | | 1 | | | | 1 | | |
| **Виш управен суд** | **13** | **11** | **2** | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Апелационен суд Скопје** | **49** | 35 | 10 | 2 | | | 1 | | | | 1 | |
| Основен суд Велес | **22** | 21 | 1 | | | | | | | | | |
| Основен суд Гевгелија | **14** | 14 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кавадарци | **15** | 15 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кратово | **5** | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кр.Паланка | **8** | 7 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Куманово | **37** | 30 | 5 | | 2 | | | | | | | |
| Основен суд Неготино | **7** | 7 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Скопје 1 | **70** | 59 | 7 | 2 | | 2 | | | | | | |
| Основен суд Скопје 2 | **79** | 67 | 8 | 2 | 1 | | | | | | | 1 |
| **ВКУПНО** | **306** | **260** | **31** | **7** | **3** | **2** | **1** | | | | **1** | **1** |
| **Апелационен суд Битола** | **26** | 25 | 1 | | | | | | | | | |
| Основен суд Битола | **25** | 23 | | | | 1 | | | | 1 | | |
| Основен суд Крушево | **3** | 2 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Охрид | **20** | 18 | 2 | | | | | | | | | |
| Основен суд Прилеп | **22** | 22 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Ресен | **5** | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Струга | **17** | 9 | 6 | | | | 2 | | | | | |
| **ВКУПНО** | **118** | **104** | **9** | **1** | **0** | **1** | **2** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** |
| **Апелационен суд Штип** | **18** | 16 | | 1 | | | | | 1 | | | |
| Основен суд Берово | **6** | 6 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Виница | **3** | 3 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Делчево | **5** | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кочани | **14** | 13 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Радовиш | **11** | 11 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Св.Николе | **4** | 4 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Струмица | **25** | 25 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Штип | **25** | 21 | | 4 | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **111** | **104** | **0** | **6** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** |
| **Апелационен суд Гостивар** | **16** | 6 | 10 | | | | | | | | | |
| Основен суд Гостивар | **21** | 11 | 9 | | | | | | | 1 | | |
| Основен суд Тетово | **27** | 17 | 9 | | | | | 1 | | | | |
| Основен суд Кичево | **14** | 10 | 4 | | | | | | | | | |
| Основен суд Дебар | **6** | 3 | 3 | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **84** | **47** | **35** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **0** |
| **СЕ ВКУПНО** | **685** | **564** | **90** | **14** | **3** | **4** | **3** | **1** | **1** | **3** | **1** | **1** |
| % | | 82,40% | 13,13% | 2,04% | 0,43% | 0,58% | 0,43% | 0,14% | 0,14% | 0,43% | 0,14% | 0,14% |

**НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА НА СУДИИТЕ ЗА 2012 ГОДИНА**

| СУДОВИ | Број на судии | Македонци | Албанци | Власи | Срби | Бошњаци | Македонци муслимани | Муслимани | Бугари | Турци | Црногорци | Хрвати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Врховен суд на РМ** | **20** | **15** | **5** | | | | | | | | | |
| **Управен суд** | **29** | **20** | **7** | | | 1 | | | | 1 | | |
| **Виш управен суд** | **11** | **10** | **1** | | | | | | | | | |
| **Апелационен суд Скопје** | **46** | 32 | 11 | 1 | | | | | | 1 | 1 | |
| Основен суд Велес | 22 | 20 | 1 | | | 1 | | | | | | |
| Основен суд Гевгелија | 14 | 14 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кавадарци | 14 | 14 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кратово | 5 | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кр.Паланка | 7 | 7 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Куманово | 38 | 28 | 7 | | 3 | | | | | | | |
| Основен суд Неготино | 7 | 7 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Скопје 1 | 71 | 55 | 10 | 2 | 2 | 2 | | | | | | |
| Основен суд Скопје 2 | 79 | 66 | 9 | 2 | 1 | | | | | | | 1 |
| **Вкупно Основни судови** | **257** | **216** | **27** | **4** | **6** | **3** | | | | | | **1** |
| **Апелационен суд Битола** | **26** | 25 | 1 | | | | | | | | | |
| Основен суд Битола | 27 | 24 | 1 | | | 1 | | | | 1 | | |
| Основен суд Крушево | 3 | 2 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Охрид | 19 | 17 | 2 | | | | | | | | | |
| Основен суд Прилеп | 21 | 21 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Ресен | 5 | 4 | 1 | | | | | | | | | |
| Основен суд Струга | 17 | 9 | 6 | | | | 2 | | | | | |
| **Вкупно Основни судови** | **92** | **77** | **10** | **1** | | **1** | **2** | | | **1** | | |
| **Апелационен суд Штип** | **17** | 16 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Берово | 5 | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Виница | 3 | 3 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Делчево | 4 | 4 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кочани | 14 | 14 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Радовиш | 10 | 10 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Св.Николе | 4 | 4 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Струмица | 21 | 21 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Штип | 22 | 19 | | 3 | | | | | | | | |
| **Вкупно Основни судови** | **83** | **80** | | **3** | | | | | | | | |
| **Апелационен суд Гостивар** | **16** | 6 | 10 | | | | | | | | | |
| Основен суд Гостивар | 23 | 11 | 11 | | | | | | | 1 | | |
| Основен суд Тетово | 28 | 16 | 11 | | | | | 1 | | | | |
| Основен суд Кичево | 14 | 10 | 4 | | | | | | | | | |
| Основен суд Дебар | 6 | 3 | 3 | | | | | | | | | |
| **Вкупно Основни судови** | **71** | **40** | **29** | | | | | **1** | | **1** | | |
| **СЕ ВКУПНО** | **668** | **537** | **101** | **10** | **6** | **5** | **2** | **1** | **0** | **4** | **1** | **1** |
| % | | 80,30% | 15,10% | 1,40% | 1% | 0,80% | 0,30% | 0,20% | 0% | 0,50% | 0,20% | 0,20% |

**НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА НА СУДИИТЕ ЗА 2013 ГОДИНА**

| СУДОВИ | Број на судии | Македонци | Албанци | Власи | Срби | Бошњаци | Македонци муслимани | Муслимани | Бугари | Турци | Црногорци | Хрвати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Врховен суд на РМ** | **22** | **16** | **6** | | | | | | | | | |
| **Управен суд** | **30** | **19** | **8** | 1 | | 1 | | | | 1 | | |
| **Виш управен суд** | **10** | **10** | | | | | | | | | | |
| **Апелационен суд Скопје** | **48** | 34 | 10 | 1 | | | | | | 2 | 1 | |
| Основен суд Велес | 20 | 18 | 1 | | | 1 | | | | | | |
| Основен суд Гевгелија | 14 | 14 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кавадарци | 14 | 14 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кратово | 3 | 3 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кр.Паланка | 6 | 6 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Куманово | 37 | 25 | 7 | 1 | 4 | | | | | | | |
| Основен суд Неготино | 6 | 6 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Скопје 1 | 68 | 53 | 9 | 2 | 1 | 3 | | | | | | |
| Основен суд Скопје 2 | 77 | 65 | 8 | 2 | 1 | | | | | | | 1 |
| **Вкупно Основни судови** | **245** | **204** | **25** | **5** | **6** | **4** | | | | | | **1** |
| **Апелационен суд Битола** | **25** | 23 | 2 | | | | | | | | | |
| Основен суд Битола | 26 | 23 | 1 | | | 1 | | | | 1 | | |
| Основен суд Крушево | 3 | 2 | | 1 | | | | | | | | |
| Основен суд Охрид | 20 | 18 | 2 | | | | | | | | | |
| Основен суд Прилеп | 20 | 20 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Ресен | 5 | 4 | | | | | | | | 1 | | |
| Основен суд Струга | 16 | 9 | 5 | | | | 2 | | | | | |
| **Вкупно Основни судови** | **90** | **76** | **8** | **1** | | **1** | **2** | | | **2** | | |
| **Апелационен суд Штип** | **18** | 16 | | 1 | | | | | 1 | | | |
| Основен суд Берово | 5 | 5 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Виница | 3 | 3 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Делчево | 3 | 3 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Кочани | 14 | 14 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Радовиш | 10 | 10 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Св.Николе | 4 | 4 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Струмица | 21 | 21 | | | | | | | | | | |
| Основен суд Штип | 22 | 19 | | 3 | | | | | | | | |
| **Вкупно Основни судови** | **82** | **79** | | **3** | | | | | | | | |
| **Апелационен суд Гостивар** | **16** | 6 | 10 | | | | | | | | | |
| Основен суд Гостивар | 25 | 12 | 12 | | | | | | | 1 | | |
| Основен суд Тетово | 28 | 16 | 11 | | | | | 1 | | | | |
| Основен суд Кичево | 15 | 11 | 4 | | | | | | | | | |
| Основен суд Дебар | 6 | 3 | 3 | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно Основни судови** | **74** | **42** | **30** | | | | | **1** | | **1** | | |
| **СЕ ВКУПНО** | **660** | **525** | **99** | **12** | **6** | **6** | **2** | **1** | **1** | **6** | **1** | **1** |
| **%** | | 79,60% | 15% | 1,80% | 0,90% | 0,90% | 0,30% | 0,15% | 0,15% | 0,90% | 0,15% | 0,15% |

**Да се преземат одржливи напори за да се обезбеди пристап кон предучилишното образование за сите деца Роми и да се гарантира дека наставната програма во таквите градинки соодветствува на различните потреби и повеќе-јазичниот состав на групите; да се подигне свеста на наставниците за ромската култура и на наставниците кои работат во средини со значаен број на Роми да им се обезбеди обука прилагодена на потребите во овој контекст.**

Детални информации се дадени во членот 12.

## ТРЕТ ДЕЛ

**Понатамошни чекори превземени за подобрувањето на имплементацијата на Рамковната конвенција**

### Член 3

Важи изнесеното во предходните три извештаи

### Член 4

Во врска со состојбата со домувањето на Ромите, Министерството за транспорт и врски на Република Македонија реализираше бројни активности кои се однесуваат на имплементацијата на Стратегијата за Ромите на Република Македонија во рамките на Акциониот план за домување и инфраструктура за периодот од 2009 до 2013 година. Со средства утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2009 година во соработка со општината Шуто Оризари реализиран е проектот: "Изградба на фекална канализација Ф 400, дел по улица Пелагонија и Брсјачка буна во Шуто Оризари во вкупен износ од 3.487.927,00 Денари.

Со средствата во вкупен износ од 10.894.000,00 денари, утврдени во Буџетот на Република Македонија - Министерство за транспорт и врски за 2010 година, како учество на Република Македонија за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за населби со претежно Ромско население реализирани се проекти во 11 општини, две општини распределените средства не ги реализираа.

1. Општина Штип за имплементација на Проектот: "Реконструкција на водоводна и канализациона линија на дел од улица Косовска во Штип".
2. Општина Битола за имплементација на Проектот: "Промена на водоводна мрежа и санација на улица Мирче Ацев во Битола".
3. Општина Прилеп за имплементација на Проектот:"Изградба на фекална и атмосферска канализација по улица Раде Ивановски во Прилеп" и за Проектот: "Изградба, адаптација и асфалтирање на улицата Гостиварска во Прилеп" .

4. Општина Кочани за имплементација на Проектот:“Изградба на потпорни ѕидови на улица Стамен Манов – крак 1 во Кочани“.
5. Општина Делчево за имплементација на проектот: “Реконструкција на водоводна мрежа на улица Маршал Тито во Делчево“.
6. Општина Велес за имплементација на Проектот: “Реконструкција на улица Стојан Бурчески – Буридан во Велес“ .
7. Општина Виница за имплементација на Проектот: “Поплочување на улица Ванчо Прке со бехатон плочки во Виница“ и за имплементација на Проектот: “Реконструкција на водоводна линија на улица Иво Лола Рибар во Виница“ .
8. Општина Кичево за имплементација на Проектот: “Изградба на фекална канализација на улица Скопска во Кичево“
9. Општина Дебар за имплементација на Проектот: “Регулација на Ваковска река во Дебар“ .
10. Општина Куманово за имплементација на Проектот:“Изградба на фекална канализација на улица Ѓуро Пуцар – Стари во Куманово“.
11. Општина Гази Баба за имплементација на Проектот:“Изградба на фекална канализација на улица 12 во населено место Јулумлари“.
12. Општина Карпош и Општина Чаир ги реализираа предвидените средства

Со средствата во вкупен износ од 10.986.000,00 денари, утврдени во Буџетот на Република Македонија - Министерство за транспорт и врски за 2011 година како учество на Република Македонија за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за населби со претежно Ромско население реализирани се проекти во 9 општини.

1. Општина Штип, распределени за имплементација на Проектот: “Изградба на фекална канализација на дел од улица Широк дол“ и “Реконструкција на водоводна и канализациона линија на дел од улица Косовска“.
2. Општина Битола за имплементација на Проектот: “Реконструкција на коловоз на улица Љубојно-крак 1, 2, 3 населба Баир“.
3. Општина Прилеп за имплементација на Проектот: “ Изградба на фекална канализација за крак од улица Беровска“.
4. Општина Кочани за имплементација на Проектот:“Изградба на потпорен ѕид на улица Стамен Манов – крак 2 во Кочани“ .
5. Општина Делчево за имплементација на Проектот: “Реконструкција на дел од дистрибутивна мрежа во градот Делчево,
6. Општина Кичево за имплементација на Проектот: “Реконструкција на речно корито и сообраќајници“.
7. Општина Чаир за имплементација на Проектот: “Реконструкција на улица 376/1 и 376/2 во населба Стара Топана“.
8. Општина Гази Баба за имплементација на Проектот: “Изградба на фекална канализација на улица 12 во населено место Јурумлери“.
9. Општина Ѓорче Петров за иплементација на Проектот: “Доизградба на водоводна мрежа во реонот на с. Волково- Пржина“.

Во Буџетот на Република Македонија - Министерство за транспорт и врски за 2012 година, утврдени се средства во вкупен износ од 10.000.000,00 денари наменети за реализација на проекти согласно Стратегијата за Ромите на Република Македонија и Акциониот план за домување. За извештајниот период 2012 година, од седумте општини кои доставија предлог-проекти со потребна проектна и градежно-техничка документација, со која аплицира до Министерството за транспорт и врски, шест општини ги релизираа средствата наменети за проектите од комуналната инфраструктура за населби населени претежно од Ромската заедница и тоа:

1. Општина Битола - за реконструкција на мешовита канализација на улица Љубојно во Битола,
2. Општина Виница - за изградба на дел од улица Гоце Делчев во Виница,
3. Општина Гази Баба - за изградба на фекална канализација на улица 12 во населено место Јурумлери, во општина Гази Баба,
4. Општина Кочани - за реконструкција на дел од улица Стамен Манов во Кочани, 5. Општина Прилеп - за изградба на фекална и атмосферска канализација трасирана по улица Беровска во Прилеп,
5. Општина Штип - за изградба на армирано бетонски потпорен ѕид на улица Вардарска во Штип,
6. Општина Велес - за изградба на новопроектирана улица, крак на улица Тодор Јанев во Велес,

Во Буџетот на Република Македонија за 2013 година утврдени беа средства во висина од 10.000.000,00 денари наменети за подршка на реализација на проекти од комуналната инфраструктура, согласно Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 и Стратегијата за Ромите на Република Македонија.

За 2013 година, од страна на сите осум единици на локална самоуправа кои доставија предлог-проекти со потребна проектна и градежно-техничка документација до Министерството за транспорт и врски ги реализираше следниве проекти:

1. Општина Берово за проектот: Реконструкција и изградба на улица “Братство и Единство“ во Берово, во должина од 450 м,
2. Општина Битола за проектот: Реконструкција на коловоз на улица “Караорман“, крак 1, 2, 3, 4 и 5 во Битола,
3. Општина Виница за проектот: Изградба на крак на улица “Ванчо Прке“, во должина од 140,00 метри во Виница и Реконструкција на водоводна мрежа на дел од улица “Македонска“ и дел од улица “Гоце Делчев“
4. Општина Гази Баба за проектот: Изградба на фекална канализација на улица “12“ во населено место Јурумлери, во општина Гази Баба
5. Општина Кочани за проектот: Изградба на дел од улица “Стамен Манов“ со потпорни ѕидови во Кочани,
6. Општина Прилеп за проектот: Адаптација и асфалтирање на дел од улица Кораб и улица Дабнички Завој крак 1 и крак 2
7. Општина Пробиштип за проектот: Изградба на улица “5“ во Пробиштип,
8. Општина Штип за проектот: Изградба на крак на улица “Косовска“ во Штип

Во тек е имплементација на Проектот за домување на социјално ранливи групи со кој се финансира делумно со заем во износ од 25.350.000,00 Евра од Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем Ф/П 1674 (2009), и со средства во износ од 25.350.000,00 Евра од Буџетот на Република Македонија, за изградба на вкупно 1.754 социјални стана во 33 станбени згради во 26 града на територијата на Република Македонија. Реализацијата на проектот е за период од 2007 заклучно до 2016 година. Распределбата на изградените станови се врши согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење дадени во Програмата за изградба и одржување на станови во сопствност на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/09 и 122/10). Согласно оваа Одлука корисници на социјални станови можат да бидат 7 категории на граѓани, лица во социјален ризик и дуги ранливи групи, кои се станбено необезбедени меѓу кои е категоријата, лица социјално загрозени припадници на Ромската заедница (согласно Стратегијата за Ромите на Република Македонија).

Од изградените и распределени станови до 2013 година 11 објекти со 559 стана, за семејства пришпадници на Ромската заедница распределени се 102 стана под закуп, во сите седум категории социјално ранливи групи утврдени со Одлуката на Владата на Република Македонија. Во 2013 година со градба се отпочнати три објекти во Прилеп со 76 стана, во Демир Хисар со 25 стана и во Ресен со 18 стана.

**Член 4 став 1**

Министерството за внатрешни работи преку Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој врши контрола на вработените и организациските единици во Министерството за внатрешни работи, континуирано постапува по претставки од граѓаните. Без разлика дали претставките се доставени посредно (писмено, преку бесплатниот тел. број 199, веб-страницата на министерството, преку сандачиња кои се поставени во сите полициски станици од општа надлежност), преку институции (народен правобранител, невладини организации, адвокати како полномошници на граѓаните) или претставките се поднесуват директно во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди или до деташираните виши советници на Секторот, кои се просторно сместени во сите Сектори за внатрешни работи, претставките се земаат во предвид и со нив се постапува согласно Законот за постапување по претставки и предлози. За сите случаи за кои има известување дека имало било какво незаконско или непрофесионално постапување на полициски службеници, со еднаков третман кон сите граѓани без разлика на нивната етничка, верска, полова или било каков друг вид дискриминација, без исклучок Секторот постапува и крајно професионално ги испитува сите наводи во претставките. По извршените проверки благовремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во насока на остварување на планираните превентивни активности во доменот на почитувањето на човековите слободи и права, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во 2011 година оствари работни посети и одржа состаноци со раководниот кадар во Единицата за борба против криминалот во СВР Скопје, Единицата за специјални задачи и Единицата за брзо распоредување при Одделот за посебни единици, а во 2012 година и во Полициските станици од општа надлежност и Надворешните канцеларии за криминалистички работи во Секторите за внатрешни работи. На работните состаноци на полициските службеници им беше укажано за неопходноста од доследно почитување на корпусот човекови слободи и права при преземањето на полициските овластувања, почитување на Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, како и подзаконските акти и интерните прописи на МВР, а истовремено раководните лица беа задолжени за истото да одржат работни состаноци со основниот полициски состав. За сите случаи, без исклучок, се постапува професионално и се испитуваат сите наводи во претставките за кои е известено дека има било какво незаконско или непрофесионално постапување на полициски службеници кон граѓаните, без разлика на нивната етничка, верска, полова или било кој друг вид на дискриминација. По извршените проверки, благовремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките. Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, позициониран е директно под Министерот за внатрешни работи, одвоен е од Бирото за јавна безбедност и е организиран согласно меѓународните стандарди. Секторот ја врши внатрешната контрола на Министерството за внатрешни работи. Согласно законските решенија, надворешната контрола врз работата на Министерството за внатрешни работи, па оттаму и врз Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, ја врши Собранието на Република Македонија (преку посебна Комисија) и Народниот правобранител. Со реформите на кривично правниот систем на Република Македонија и со донесување на новиот Закон за кривична постапка, се воведува целосно нов систем на постапка кој преминува кај

јавниот обвинител каде се формирани нови институции-правосудна полиција и истражни центри на Јавното обвинителство. Со зголемување на надлежностите на Јавното обвинитество се зголемува и контролата врз работењето на Министерството за внатрешни работи.

**Член 4 став 2**

Една од целните групи кон кои се насочени активностите на Агенцијата за вработување за зајакнување на нивната позиција на пазарот на трудот е ромската популација во Република Македонија. Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (пречистен текст) Сл.Весник на Р.М бр. 153 од 06.12.2012 година, Агенцијата за вработување на РМ води евиденција на невработените лица и евиденција на други лица кои бараат работа, според Единствениот матичен број на граѓанинот. Имено невработено лице, согласно горенаведениот Закон е лице пријавено во Агенцијата кое е невработено и активно бара работа, способно е да работи и е подготвено да прифати секакво соодветно или погодно вработување што ќе го понуди АВРМ и воедно невработеното лице е должно лично да се јавува во Агенцијата на секои 30 дена и да докаже дека активно барал работа во последниот месец, а друго лице кое бара работа на секој 6 месеци. Во Агенцијата за вработување на Република Македонија евидентирани се 1743 невработени лица Роми кои активно бараат работа, од кои 554 жени (состојба до 30.11.2013 година). Квалификационата структура на голем дел од овие лица е неповолна во однос на потребите и барањата на работодавачите, што реално ги намалува нивните можности за вработување, додека нискиот степен на образование на голем дел од лицата го отежнува и нивното вклучување во некои од програмите и активните мерки за вработување и успешно снаоѓање на пазарот на трудот.

ПРЕГЛЕД
на евидентирани невработени лица Роми според степен на образование
(состојба 30.11.2013 година)

| | **Степен на образование** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Без бразование и со основно образование | Непотполно средно образование | Завршено средно образование | Више образование | Високо образование | Магистри на науки | Доктори на науки | ВКУПНО |
| **Се** | 1282 | 162 | 272 | 3 | 23 | 1 | - | 1743 |
| **Жени** | 400 | 41 | 101 | 1 | 11 | - | - | 554 |

*Евидентирани невработени лица Роми според степен на образование (состојба 30.11.2013 год.)

Агенцијата за вработување според своите програмски задачи, своите активности ги насочува кон успешна подготовка за вработување на невработени лица, нивно вклучување во активни мерки за вработување и посредување при вработувањето.

**Агенцијата за вработување ги спроведува активните програми за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година. Тие се спроведуваат согласно утврдената временска динамика и во нив се вклучени работодавачи и невработени лица Роми, покрај останатите лица од евиденцијата на невработени лица на Агенцијата за вработување на Република Македонија. Во Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2013 година, исто како и во оперативниот план за 2012 година, Ромите се вклучени како целна група во Програмите за инклузивен раст, Програма за субвенционирање, Пилот програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште, Програма за организирање на**

**Јавни работи, Програми со комбинирани пакети на поддршка за вработување итн. Целните групи се родово чувствителни што значи дека на целните групи не им се одзема правото за учество во различните видови на програми опфатени со Оперативниот план, имајќи ги предвид условите и критериумите предвидени во истите.**

Програмата за самовработување се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и/или финансиска поддршка за постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста Во рамките на реализација на оваа програма во 2013 година, аплицирале вкупно 76 лица Роми, од нив пополниле прашалник 64 лица. Од овие лица, 17 се упатени на обука од кои истата ја комплетирале 11 лица Роми, додека одобрени им се грантови на вкупно 8 лица Роми

За поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, се предвидува субвенционирање на вработување преку финансиска поддршка за секое вработено лице за бруто плата во износ од 13.000,00 денари месечно за период од 6 месеци, со обврска на работодавачот овие лица да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци) или на негово место да вработи друго невработено лице од евиденцијата на невработени лица на Агенцијата за вработување на РЕпублика Македонија Во спротивно, работодавачот има обврска да ги врати финансиските средства. Престанокот на работниот однос на субвенционираното лице не може да биде по основа на деловни причини (технолошки вишок). Износот на финансиската поддршка на ранливите групи изнесува 17.000,00 денари од кои 3.000,00 денари по лице месечно на работодавачот, како партиципација на трошоците за прилагодување на лицето во работниот процес Во рамките на реализација на оваа програма во 2013 година, аплицирале вкупно 91 лица Роми, а вработени се 12 лица Роми.

Обуките за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот се насочени кон занимања кои се побарувани на пазарот на трудот, врз основа на анализата на потреби од вештини подготвена од Агенцијата за вработување, истражувања на организациjата на работодавачи, стопанските комори и информации од центрите за вработување, за што ќе се објави јавен оглас. Обуките ќе се спроведуваат од страна на образовни установи и институции за образование на возрасни. На лицата кои ќе бидат вклучени во обуката, за деновите на обука ќе им се обезбеди надомест за покривање на трошоците за храна и превоз во висина од 6.200,00 ден месечно по лице (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување). Обуката ќе се реализира во период од 2 месеци во установи и/или институции. По завршување на обуката, кандидатите ќе изведуваат практична работа во реални услови кај работодавачи во времетраење од 2 месеци. Во рамките на реализација на оваа програма, во 2013 година, аплицирале вкупно 30 Роми, а обуките ги следеле вкупно 14 лица Роми и од нив сите 14 лица добиле сертификат.

Со мерка практиканство како прво работно искуство до вработување се планира да бидат опфатени млади невработени лица до 29 годишна возраст, а приоритет ќе имаат лицата со завршен четврти степен средно образование и високо образование, преку нивно вклучување во програми за практиканство за период од три месеци. За спроведување на оваа програма, ќе се исплаќаат по 6.200,00 денари за лице месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Право на учество имаат работодавачи кои имаат вработено најмалку едно лице. По завршување на практичната работа, работодавачот има обврска да вработи најмалку 30% од вкупно ангажираниот број на лица за практична работа и да ги задржи на работа наредните 6 месеци. Во рамките на реализација на оваа програма во 2013 година, се пријавиле вкупно 13 лица Роми, а има два склучени договори.

Покрај активните мерки за вработување, во центрите за вработување како дел од нивната редовна функција на невработените лица Роми им се овозможуваа и други видови услуги како што се посредување при вработување, услугите во работните клубови (информирање, советување, разни видови обука) и др. Целите на активностите во работните клубови во центрите за вработување беа да се поттикнува иницијативата и да се зајакнуваат капацитетите на лицата кои бараат вработување, за успешно претставување на пазарот на трудот, активно барање работа и вработување. Во центрите за вработување се одвива постојана соработка со работодавачите за да се информираат за состојбите на пазарот на трудот, законските прописи, за можностите, условите, предностите и поволностите при вработувањето на невработени лица. Работодавачите добиваа и услуги како што се помош во организирање на обука, преквалификација или доквалификација на невработените лица за потребите на работодавачите, обезбедување на квалификувана работна сила, посредување при вработување и други. Во центрите за вработување од градовите во кои се формирани Ромски информативни центри, Агенцијата за вработување има одговорни лица кои редовно соработуваат со нив, во врска со услугите што ги даваат центрите за вработување.

**Член 5**

Важи изнесеното во предходните извештаи.

**Член 6 став 1**

Министерството за образование и наука на Република Македонија, односно Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во 2010 година изработи Прирачник за спречување и заштита од дискриминација во воспитно-образовниот систем во Република Македонија. Општа цел на рипачникот е да ја подобри и зајакне соработката и координацијата меѓу сите надлежни институции и индивидуи вклучени во воспитно-образовниот систем, во насока на обезбедување на еднакви услови и можности за квалитетно образование на сите ученици без разлика на верска, национална, религиозна или било каква друга основа.

Успешно е реализиран Проектот за мултиетничко образование со донација на Владата на кралството Норвешка во износ од 340.000 Евра, (2012/2013). Проектот се однесуваше на сет на активности кои се во склад со Стратегијата за интегрирано образование. РЕализирани беа следниве активности:

- Летен камп на мултикутурата. Целта на овој камп беше учениците преку едукативни и социјални активности да се поттикнат на меѓусебна интеракција и комуникација кои понатаму ќе ги преточат во заемна доверба, соживот и отстранување на предрасудите и стереотипите.
- Мултикултурен автобус – реализирани беа четири екскурзии кои се спроведоа во 16 општини, 32 школи и 160 деца и 16 наставници. Целта на мултикултурниот автобус беше децата од различни етнички заедници патувајќи заедно подобро да се запознаат, научат повеќе за себе и посетат различни места од државата каде истовремено ќе научат за истите и за нивната историја и култура.
- Со цел подобро интегрирање на учениците од стручните стручни училишта, реализирани беа активности за водење на слободните часови кој опфати десет пилот стручни средни училишта. Целта беше учениците и професорите да соработуваат меѓу себе и изготвуваат заедничка програма која ќе се имплементира заедно со ученици кои следат настава на различен наставен јазик. Оваа активност се реализираше во соработка со Центарот за стручно образование и обука.
- Ликовна колонија "Јас и ти сме исто", активност со која беа опфатени десет општини, 40 школи со околу 4000 ученици од 5 до 8 одделение. Децата сликаа на

тема “Јас и ти сме исто” а најдобрите 100 творби беа презентирани на завршната манифестација и добија соодветни награди.

Министерството за образование во соработка со Бирото за развој на образованието реализираше и обуки наменети за јакнење на капацитетите на две целни групи, зајакнување на знаењето и вештините на наставниците и раководставата и обука на директорите, управувачкиот кадар и советите на родители на основните и средни училишта за раководење во мултикултурна средина .Се организираше и педагошко методска обука за наставниците по изборниот предмет Јазик и култура на Бошњаците, Власите и Ромите Со проектот беа реализирани и активности кои придонесоа во подобрување на промоцијата на активностите за интегрирано образование.

Дополнително успешно е реализиран ЕУ твининг проектот “Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем” реализиран од Министерството за образование и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.. Пртоектот е финансиран од страна на Европската унија со сума од 1.085 мил. евра, во рамките на Инструментот за предпристапна помош (ИПА)Компонента IV: Развој на човечки ресурси. Министерството за образование и наука учествување со 15% во кофинансирање на проектот Истиот се реализираше во соработка меѓу Македонија како земја-корисник (ЗК) и Австрија како земја-членка

Проектот е насочен кон понатамошното подобрување на интеграцијата на етничките заедници во општеството. Тој го поддржува процесот на подобрување на: еднаквиот пристап до образованието, еднаквите можности преку образованието и еднаквата почит омеѓу групите со различно етничко и културно потекло. Задолжителните резултати коишто ги договорија партнерите во проектот и кои беа со успех реализирани беа групирани во две компоненти од работниот план на проектот, имено:

1. Вклучување интеркултурни аспекти во образовниот систем: процена на степенот на интеграција; ажурирање на наставни програми; воведување иновативни програми.
2. Зајакнување на капацитетите за поддршка на интеграцијата на етничките заедници: обука на директори и наставници, обука на родители на ученици Роми; обука на медијатори за Роми.

Над 40 работилници и обуки беа организирани во текот на 44 недели од крајот на септември 2012 г. до крајот на август 2013 г. на кои учество земаа повеќе од 100 лица , а близу 200 лица учествуваа на обуките.

Министерството за внатрешни работи во рамките на својот Центар за обука има изготвено Антидискриминаторска програма за континуирана обука и Антидискриминаторска програма за специјална обука кои се спроведуваат за целите на обуката. Во стандардните програми се внесени содржини за недискриминација на припадниците на малцинските заедници. Споменатите содржини се внесени во задачите за учење од обласста на Полициските овластувања, Етика и Човекови права и континуирано и редовно се применуваат во редовните основни обуки.

**Член 7**

Важи изнесеното во предходните извештаи.

**Член 8**

Правото да се манифестира слободата на верата и уверувањето е уредено во член 9,16 и 19 од Уставот на Република Македонија. Верските слободи и права се уредени во Законот за положба на црква, верска заедница и религиозна група (Службен весник на РМ. “број 113/07). Членот 3 од Законот укажува дека ”правото на слобода на

уверување, мисла и совест, ја вклучува слободата на манифестирање на својата вера и убедување, што сам или заедно со другите, јавно или приватно го има секој човек”. Според член 4 од законот “не е дозволена верска дискриминација”. Имено според член 5 од Законот “црквата, верската заедница и религиозната група имаат право внатрешно слободно да се организираат со нивни органи на управување, хиерархија и надлежност и да определуваат лица кои ќе ги застапуваат и преставуваат и да донесуваат акти во врска со тоа“. Според член 6 од Законот државата се обврзува “да го почитува идентитетот на црквите, верските заедници, религиозните групи и другите облици на религиозно здружување и со нив воспоставува однос на постојан дијалог и развива облици на постојана соработка“. Според член 7 од Законот “црквата, верската заедница и религиозната група своите активности ги вршат согласно со позитивните законски прописи на Република Македонија, меѓународните декларации и конвенции за слободата на вероисповедта и изразување на верата.

Државните органи во рамките на своите надлежности и овластувања создаваат услови за непречено извршување на активностите на црквата, верската заедница и религиозната група“. Во Република Македонија се регистрираат цркви, верски заедници и религиозни групи според тоа какво верско убедување имаат и каков вид на изразување на верата сакаат.

Според член 9 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група од 2007 г., “црква, верска заедница и религиозна група се запишуваат во Единствениот судски регистар на црквите, верските заедници и религиозните групи со што стекнуваат својство на правно лице“.

Според член 22 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група “црква, верска заедница и религиозна група имаат право да основаат верски образовни установи од сите степени на образование, освен од основното образование, за школување на свештени лица и верски службеници, како и ученички и студентски домови за сместување на лицата кои се школуваат во тие установи“.

Законот за правната положба на црква верска заедница и религиозна група, овозможува еднаков правен статус на сите цркви, верски заедници и религиозни групи и еднакви можности во однос на регистрирањето, вршењето богослужби, верски поуки, основање на верски образовни установи, градењето на верски објекти.

Венецијанската Комисија даде две позитивни мислења по однос на споменатиот закон, на Нацрт-текстот и на пречистениот текст на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и истиот е усвоен од Собранието на Република Македонија во септември 2007 год. а влезе во сила на 01 мај 2008 год. Овој закон не постапува дискриминаторски кон правата на верските ентитети ниту пак е дозволено мешање на државата во правата на верските субјекти и нивните членови.

Статусот на нерегистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и нивното нерегистрирање произлегува од тоа што тие формално правно не ги исполнуваат условите за верското делување. Легален статус на црква, верска заедница и религиозна група се стекнува со запишување во Единствениот судски регистар на верски субјекти кој го води Основниот суд Скопје 2 Скопје. Со назив Српска Православна црква, до денес, нема поднесено апликација ниеден верски субјект за запишување во Единствениот судски регистерот на цркви, верски заедници и религиозни групи што се води во Основниот суд Скопје II – Скопје. Македонската Православна Црква покажува големо разбирање и добра волја кон српсата етничка заедница која што живее во Република Македонија и е со православна вероисповед, па така на српскиот празник Видовден се одржува панихида односно литургија на српски јазик секоја година во православниот храм “Св. Архангел и Михаил” во Скопје на Македонската Православна Црква. Согласно со Законот за празници на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 21/98 и 18/07) неработен ден за граѓаните припадници на српската заедница во Република Македонија е 27 Јануари Свети Сава. Со празнувањето на празникот Свети Сава се овозможува практикување и почитување на верските слободи и права на српската етничка заедница која живее во Република Македонија.

**Член 9 до Член 11**

Важи изнесеното во предходните извештаи

**Член 12 и Член 14**

Согласно стратешките насоки на Министерството за образование и наука за подобрување на образовниот статус на ромската заедница и Националниот акционен план за образование, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во 2013 година имплементираше активности од Акцискиот план за поголем опфат на учениците Роми во основното и средното образование. Целта беше фокусирана кон подигнување на информираноста на ромската заедница во Република Македонија за запишување на децата во основно и средно образование и помош околу потребните документи и критериуми за упис.

Согласно Акцискиот план се реализираа три вида на активности:

- Медиумска кампања за информирање;
- Оддржување на информативни работилници;
- Теренски посети на ромските семејства.

Министерството за образование и наука, односно, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во соработка со ромските медиуми спроведе информативна кампања со цел да се информира Ромското население и да се потсети на нивната обврска за запишување на нивните деца во прво одделение основно образование и продолжување на образованието од основно во средно. За оваа цел на територија на Град Скопје искористени беа двете ромски телевизии ТВ БТР и ТВ Шутел кои отстапија простор за информативни емисии во кои се дискутираше за важноста на образованието појаснувајќи ги условите, критериумите и потребните документи за упис на децата Роми кои на училишна возраст. Исто така се дискутираше и за обврската за продолжување на образованието од основно во средно обрнувајќи внимание на законските санкции кои следуваат доколку истите не се почитуваат. Во овој дел за територијата на Република Македонија искористена беше ромската редакција Бијандипе при Македонската национална телевизија.

Во вкупно 16 општини во Република Македонија во кои живее значителен процент на ромско население, се одржаа информативни работилници, со вклучување на ромските информативни центри и локалните ромски невладини организации. Во секоја општина се организараа по 4 информативни работилници на кои се дискутираше за обврските на родителите да ги запишуваат нивните деца во прво одделение од основното образование. На овие информативни средби се дискутираше и за поволностите и мерките кои што ги обезбедува Министерството за образование и наука за учениците Роми со цел да им се олесни процесот на образование, како што се стипендиите, менторството, туторството, намалените критериуми за упис во средно образование, бесплатните учебници и превоз и други мерки. Вкупно беа организирани 42 информативни работилници во 16 општини со кои се опфатија 461 учесници.

Табела бр.1 Преглед на оддржани работилници по општини и број на учесници

| Р.бр. | Општина | Организатори | Бр. на одржани работилници | Број на учесници |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Шуто Оризари | Ромски информативен центар и НВО-ии Амбрела, Есма и Ромски Ресурсен Центар | 3 | 57 |
| 2. | Карпош | НВО Лил | 3 | 31 |
| 3. | Чаир | Ромски информативен центар и НВО-ии Сумнал и МИР | 3 | 41 |
| 4. | Ѓорче Петров | НВО Дендо Вас | 2 | 25 |
| 5. | Гази Баба | НВО Сумнал | 2 | 21 |
| 6. | Куманово | Ромски информативен центар и НВО-ии Даја, Дром, НРЦ и Кхам | 4 | 43 |
| 7. | Прилеп | Ромски информативен центар и НВО-ии Романо Про Англе, Ромска Солза и СОС Прилеп | 4 | 37 |
| 8. | Битола | Ромски информативен центар и НВО Баирска Светлина | 3 | 29 |
| 9. | Кочани | Ромски информативен центар и НВО-ии Светла иднина и Авена | 3 | 31 |
| 10. | Штип | Ромски информативен центар и НВО Здружение за правата на Ромите | 3 | 24 |
| 11. | Виница | Ромски информативен центар и НВО Здружение за правата на Ромите | 2 | 17 |
| 12. | Делчево | Ромски информативен центар и НВО-ии Кхан и Тернипе МК | 2 | 19 |
| 13. | Гостивар | Ромски информативен центар и НВО Месечина | 2 | 21 |
| 14. | Тетово | Ромски информативен центар и НВО Сонце | 2 | 24 |
| 15. | Кичево | НВО-ии Бела Кула и Огранок Месечина | 2 | 19 |
| 16. | Велес | НВО Јекипе | 2 | 22 |
| **ВКУПНО** | | | **42** | **461** |

Теренски посети на ромските семејства – По оддржувањето на информативните работилници, Ромските информативни центри заедно со локалните ромски невладини организации излегоа на терен и го информираа ромското население за можноста да ги запишат нивните деца во основно и средно образование во текот на месец септември 2013 година. Исто така при посетите понудена им беше и помош во идентификувањето на слободни места во училиштата и комплетирање на потребната документација за упис на децата Роми во основно и средно обвразование. Во табелите подолу прикажани се статистички податоци до кои дојдовме преку оваа активност која ја реализираа на терен информативните центри заедно во невладините организации.

Табела бр.2 Статистички податоци за упис во прво одделение основно образование од теренските посети на ромските семејства

| **Р. Бр.** | **Општина** | **Имплементатори** | **Број на посетени семејства** | **Број на запишани ученици во прво одделение** | **Број на незапишани ученици во прво одделение** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кочани | Ромски инфиормативен центар и НВО Авена | 46 | 36 | 10 |
| 2. | Кичево | НВО Бела Кула | 25 | 47 | 0 |
| 3. | Ѓорче Петров | НВО Дендо Вас | 37 | 22 | 0 |
| 4. | Прилеп | Ромски информативен центар и НВО-ии Романо Про англе и Ромска солза | 43 | 67 | 12 |
| 5. | Шуто Оризари | Ромски информативен центар и НВО-ии Ромски Ресурсен Центар, Амбрела и Есма | 150 | 341 | / |
| 6. | Карпош | НВО Лил | Нема доставено податоци | | |
| 7. | Куманово | Ромски информативен центар и НВО Даја | 70 | 52 | / |
| 8. | Битола | Ромски информативен центар и НВО Баирска Светлина | 73 | 59 | 14 |
| 9. | Штип | Ромски информативен центар и НВО Здружение за правата на Ромите | 60 | 24 | 2 |
| 10. | Виница | Ромски информативен центар | 57 | 24 | 24 |
| 11. | Делчево | Ромски информативен центар и НВО Кхам | 7 | 7 | 0 |
| 12. | Гостивар | Ромски информативен центар и НВО Месечина | 50 | 43 | 7 |
| 13. | Тетово | Ромски информативен центар и НВО Сонце | 34 | 15 | / |
| 14. | Велес | НВО Јекипе | 65 | 40 | 25 |
| 15. | Чаир/Топаана | НВО Сумнал | 50 | 44 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **767** | **821** | **94** |

Со оваа активност вкупно се посетени 767 ромски семејства во 15 општини. Од добиените податоци од терен вкупно запишани се 821 ученик Ром во прво одделение, а 94 деца кои се на училишна возраст не се запишале во прво одделение. Причини за незапишувањето на овие деца се, дел од нив не се пронајдени дома, а за дел има информација дека ја напуштиле земјата односно местото на живеење.

Табела бр.3 Статистички податоци за упис во прва година средно образование од теренските посети на ромските семејства

| **Р. Бр.** | **Општина** | **Имплементатори** | **Број на посетени семејства** | **Број на запишани ученици во прва година средно образование** | **Број на незапишани ученици во прва година средно образование** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кочани | Ромски инфиормативен центар и НВО Авена | 37 | 30 | 7 |
| 2. | Кичево | НВО Бела Кула | 30 | 20 | 10 |
| 3. | Ѓорче Петров | НВО Дендо Вас | 16 | 15 | 1 |
| 4. | Прилеп | Ромски информативен центар и НВО-ии Романо Про англе и Ромска солза | 46 | 33 | 13 |
| 5. | Шуто Оризари | Ромски информативен центар и НВО-ии Ромски Ресурсен Центар, Амбрела и Есма | Нема доставено податоци | | |
| 6. | Карпош | НВО Лил | Нема доставено податоци | | |
| 7. | Куманово | Ромски информативен центар и НВО Даја | 30 | 16 | / |
| 8. | Битола | Ромски информативен центар и НВО Баирска Светлина | Нема доставено податоци | | |
| 9. | Штип | Ромски информативен центар и НВО Здружение за правата на Ромите | Нема доставено податоци | | |
| 10. | Виница | Ромски информативен центар | Нема доставено податоци | | |
| 11. | Делчево | Ромски информативен центар и НВО Кхам | 7 | 7 | 0 |
| 12. | Гостивар | Ромски информативен центар и НВО Месечина | 45 | 31 | 14 |
| 13. | Тетово | Ромски информативен центар и НВО Сонце | Нема доставено податоци | | |
| 14. | Велес | НВО Јекипе | 30 | 22 | 8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Чаир/Топаана | НВО Сумнал | 44 | 44 | 0 |
| **ВКУПНО** | | | **285** | **218** | **50** |

Со оваа активност вкупно се посетени 285 ромски семејства во 15 општини.

Министерството за образование и наука, преку Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, од 2009 г. во континуитет го реализира проектот за стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми. Општа цел на проектот е преку позитивни интервенции да се зголеми проодноста и успехот на учениците Роми од сите државни и приватни средни училишта во Република Македонија. Со овој проект се опфатени ученици стипендисти од околу 84 училишта и 28 општини ширум Р.Македонија. Како резултат на ова системско решение, МОН стипендира околу 600 нови стипендисти годишно. Стипендиите се поделени на две категории, од кои:
Првата категорија е за оние учесници кои имаат постигнат успех од најмалку 3.50 од 5.00 од претходната учебна година. За нив стипендијата е за девет месеци и тие учесници добиваат по 2.200 МКД месечно.
Втората категорија е за оние учесници кои имаат постигнат успех од најмалку 3.00 од 3.49 од претходната учебна година. За нив стипендијата е за девет месеци и тие учесници добиваат по 1.500 МКД месечно.

Табела бр.4 Податоци за број на средношколци - стипендисти како и број на стипендисти кои успешно ја завршиле учебната година и број на ангажирани ментори, во последните пет учебни години.

| Година | Број на доделени стипендии | Број на стипендисти кои успешно ја завршиле годината | Број на ангажирани ментори |
|---|---|---|---|
| 2009/10 | 444 | 435 (98,4%) | 161 |
| 2010/11 | 611 | 597 (97,8%) | 160 |
| 2011/12 | 591 | 586 (99,15) | 132 |
| 2012/13 | 593 | 591 (99,66%) | 106 |
| 2013/14 | 626 | | 120 |

Учеството на Министерството за образование и наука во целокупниот буџет на проектот е прикажан во следнава табела

Табела бр.5. Податоци за буџетските средства со кои МОН учествува во вкупно средствата за стиопендирање на средношколци Роми, во последните години

| **БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Буџетска година** | **Износ** | **Линк/Извор** |
| 1. | 2010 година | 5 500 000 МКД | http://www.finance.gov.mk/view/budget2010 |
| 2. | 2011 година | 6 518 000 МКД | http://www.finance.gov.mk/view/budget2011 |
| 3. | 2012 година | 6 720 000 МКД | http://www.finance.gov.mk/view/budget2012 |
| 4. | 2013 година | 9 345 000 МКД | http://www.finance.gov.mk/view/budget2013 |

Проекцијата за 2014 година е иста како во 2013 година, односно 9 345 000 МКД.

Согласно Националната стратегија за Роми и акциониот план за образование, од учебната 2009/2010 год. во Конкурсот за уписи во јавните средни училишта, МОН пропиша дека, учениците од Ромската етничка заедница можат да се запишат во

одредено јавно средно училиште ако имаат до 10 % помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во соодветното училиште.

Табела бр 6. Податоци за број за запишани ученици Роми во средното образование во последните осум учебни години

| Р.бр. | Учебна година | Машки | Женски | Вкупен број за запишани ученици Роми |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 2005/06 | 654 | 586 | 1240 |
| 2. | 2006/07 | 678 | 526 | 1204 |
| 3. | 2007/08 | 831 | 641 | 1472 |
| 4. | 2008/09 | | | |
| 5. | 2009/10 | 1054 | 900 | 1954 |
| 6. | 2010/11 | 918 | 780 | 1698 |
| 7. | 2011/12 | 974 | 749 | 1723 |
| 8. | 2012/13 | 1056 | 860 | 1916 |
| | | | | |

Квоти за упис на учениците Роми во високо образовните институции. Оваа пракса фукнционира повеќе години како афирмативна мерка за олеснет пристап на учениците Роми во високо образовните институции.

Од учебната 2010/2011 година воведена е експериметална настава на босански јазик во две основни училишта Исто така јазиците на помалубројните заедници се воведени како изборен предмет во високото образование Оваа академска 2012/13 година за првпат Ромскиот јазик и култура е воведен како изборен предмет на Филолошкиот факултет во Скопје. Од академската 2013/2014 година се воведе и изборно учење на влашкиот јазик на Филолошкиот факултет во Скопје со наслов “Јазик и култура на Власите”

**Член 15**

На локално ниво постои законската обврска за формирање на Комисија за односи со заедниците во општините каде што најмалку 20% од вкупниот број жители на општината се припадници на одредена заедница. Комисијата треба да ја сочинуваат подеднаков број на претставници од секоја заедница застапена во општината. Таа е должна да ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите помеѓу заедниците застапени во општината и дава мислења и предлози за начините на нивно разрешување.По измените на Законот за територијална организација на локалната самоуправа и намалувањето на бројот на општините од 84 на 80 (од одржувањето на локалните избори во март 2013 година), согласно статистичките податоци, во Република Македонија во 29 општини[1] живеат припадници на заедници, застапени со

[1] Во овие 29 општини (36,25% од вкупниот број на општини во РМ) живее 40,14% од вкупното население во државата.

над 20% во Република Македонија. Врз основа на Законот за локалната самоуправа чл. 50, според последните податоци, во сите 22 општини, каде што покрај мнозинската живеат и припадници на заедници застапени над 20% во општината, има формирано Комисии за односи меѓу заедниците. Просечен број на членови на Комисиите е 5, најмногу членови брои КОМЗ во најголемата општина во државата, општина Куманово, 12 членови. Просечно се одржуваат по три седници на Комисијата годишно, а до Советот на општината во просек се доставува по една иницијатива годишно. Врз основа на досегашното искуство е констатирано дека Комисиите за односи меѓу заедниците не работат во полн капацитет поради постоење на отворени прашања во однос на:
изборот на членовите на Комисија за односи на зедниците, административната поддршка и буџетот за работа.

За надминување на пројавените слабости од 2010 година до сега, со поддршка на ОБСЕ и на Британската Амбасада, во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа ЗЕЛС, спроведени се низа на обуки со кои се опфатени сите засегнати општини и страни. Обуките се реализирани во рамките на програми за градење на капацитетите на градоначалниците, советниците, општинската администрација, програми за градење на капацитетите на претставниците на комисиите за односи меѓу заедниците и др.

**Член 16 – Член 18**

Важи изнесеното во предходните извештаи

**ЧЕТВРТ ДЕЛ**

**Ги повикува земјите членки, по потреба да одговорат на конкретни прашања кои можат да произлезат од специфични национални околности.**

Немаме дополнителни коментари кој се однесуваат на специфичните национални околности.